***ПИВАРА СКОПЈЕ АД***
*ул.808 бр.12,Скопје*
*Македонија*
*ЕДБ 4030995129290*
*телефон: 2 611 314 лок.173*
*телефакс:3105-310*

www.pivaraskopje.com.

ДО: Македонска берза на хартии од вредност АД, Скопје, ул Орце Николов бр.75

ОД: Трговско друштво за пиво, слад, оцет, алкохолни и безалкохолни пијалоци **ПИВАРА СКОПЈЕ АД** Скопје, ул 808 бр. 12 Скопје, со ЕМБС 4053974 и ЕДБ 4030995129290

ПРЕДМЕТ: Доставување на ревидирани финансиски извештаи со ревизорско мислење за 2017 година на **ПИВАРА СКОПЈЕ АД** Скопје

Почитувани,

ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје е акционерско друштво кое не се води во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, но имајќи ја во предвид одредбата од член 166-б од Законот за хартии од вредност и обврската за известување на јавноста, со овој допис, по електронски пат, ви ги доставуваме ревидираните финансиски извештаи на Друштвото **ПИВАРА СКОПЈЕ АД** Скопје со ревизорското мислење за 2017 година изготвено од Прајсвотерхаускуперс Ревизија ДОО, Скопје.

Предлагаме предметните документи и информации да ги објавите на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност АД, Скопје.

Прилог: Ревидирани финансиски извештаи на Друштвото **ПИВАРА СКОПЈЕ АД**, Скопје

Со Ревизорското мислење за 2017 година изготвено од Прајсвотерхаускуперс

Ревизија ДОО, Скопје

Скопје 06.07.2018 год.
За ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје
Овластен по прокура
Душан Митрев

**ПИВАРА СКОПЈЕ А.Д. - СКОПЈЕ**

**Финансиски извештаи**

**за годината што завршува на 31 декември 2017**

**со Независно ревизорско мислење**

**Извештај на независниот ревизор**

*До Одбор на директори и Акционерите на Пивара Скопје АД – Скопје*

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Пивара Скопје АД – Скопје, кои што ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2017 година, како и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината и паричните текови за годината којашто завршува тогаш, и белешките, кои се состојат од преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

**Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи**

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Стандарди за ревизија прифатени во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи, за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*PricewaterhouseCoopers Revizija doo, 8 September,16, Hyperium Business Center, 2nd floor, 1000 Skopje, Republic of Macedonia, VAT No. MK4030008022586, T: +389 (02)31 40 900/901, F: +389 (02) 31 16 525, www.pwc.com/mk*

pwc

**Мислење**

Според наше мислење, финансиски извештаи ја прикажуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото заклучно со 31 декември 2017 година, резултатите од работењето, како и паричните текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Извештај за останати правни и регулаторни барања**

Годишниот извештај е подготвен од страна на Менаџментот во согласност со барањата на Законот за Трговски Друштва, член 384.

Менаџментот е одговорен за подготвувањето на Годишната сметка и Годишниот извештај на Пивара Скопје АД – Скопје, кои се одобрени од страна на Одборот на Директори на Пивара Скопје АД – Скопје.

Според барањата на Законот за Ревизија, известуваме дека историските информации прикажани во Годишниот извештај подготвен од страна на Менаџментот на Пивара Скопје АД – Скопје во согласност со член 384 од Законот за Трговски Друштва е конзистентен во сите материјални аспекти со финансиските информации прикажани во Годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Пивара Скопје АД – Скопје, на крајот на и за годината која завршува на 31 декември 2017 година.

Љубе Ѓорѓиевски
Управител

Љубе Ѓорѓиевски
Овластен ревизор

ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Скопје, 8 мај 2018 година

## Извештај за сеопфатна добивка

| | Белешки | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 5 | 3.815.160 | 3.557.821 |
| Трошоци на продадени производи | 6 | (1.936.773) | (1.759.488) |
| **Бруто добивка** | | **1.878.387** | **1.798.333** |
| Маркетинг и продажни трошоци | 7 | (593.722) | (564.114) |
| Трошоци за складирање и дистрибуција | 8 | (132.002) | (114.454) |
| Административни трошоци | 9 | (249.853) | (276.605) |
| **Добивка од редовно работење** | | **902.810** | **843.160** |
| Финансиски приходи (нето) | 11 | **11.341** | **19.518** |
| **Добивка пред даноци** | | **914.151** | **862.678** |
| Даноци | 12 | (105.195) | (101.852) |
| **Нето добивка** | | **808.956** | **760.826** |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **808.956** | **760.826** |

## Извештај за финансиската состојба

| | Белешки | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижноста, постројки и опрема | 13 | 2.735.891 | 2.637.449 |
| Нематеријални средства | 14 | 92.065 | 104.017 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 15 | 18.706 | 18.706 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **2.846.662** | **2.760.172** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 16 | 125.895 | 135.829 |
| Побарувања од купувачи | 17 | 294.200 | 293.276 |
| Останати тековни средства | 18 | 32.119 | 57.342 |
| Побарувања за даноци | 19 | - | 49.975 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 20 | 309.594 | 1.854.960 |
| **Вкупно тековни средства** | | **761.808** | **2.391.382** |
| **Вкупно средства** | | **3.608.470** | **5.151.554** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | | 2.086.572 | 3.426.800 |
| Законски резерви | | 342.680 | 342.680 |
| Задржана добивка | | 808.956 | 760.826 |
| Сопствени акции | | (226.951) | (255.837) |
| **Вкупно капитал и резерви** | 21 | **3.011.257** | **4.274.469** |
| **Долгорочни резервации** | 22 | **11.693** | **11.693** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 23 | 318.404 | 320.679 |
| Останати тековни обврски | 24 | 234.328 | 202.029 |
| Обврски за дивиденда | 25 | 4 | 342.684 |
| Тековни обврски за данок на добивка | 26 | 32.784 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | **585.520** | **865.392** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **3.608.470** | **5.151.554** |

Финансиските извештаи на Пивара „Скопје„ А.Д. – Скопје се одобрени за издавање од страна на Одборот на Директори на 30-ти април 2018 и ќе бидат предмет на одобрување од страна на Акционерското собрание.

Јован Радосављевиќ
Генерален Директор

Душан Митрев
Финансов Директор

## Извештај за промените во главнината

| | Акционерски капитал | Законски резерви | Сопствени Акции | Задржана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2016** | 3.426.800 | 685.360 | (255.837) | 786.006 | 4.642.329 |
| Добивка за 2016 | - | - | - | 760.826 | **760.826** |
| Дивиденди | - | - | - | (786.006) | **(786.006)** |
| Резерви | - | (342.680) | | | **(342.680)** |
| **Состојба на 31 декември 2016** | 3.426.800 | 342.680 | (255.837) | 760.826 | 4.274.469 |
| *Сеопфатна добивка* | | | | | |
| Добивка за 2017 | - | - | - | 808.957 | **808.957** |
| Дивиденди | - | - | - | (760.826) | **(760.826)** |
| Намалување на акционерскиот капитал | (1.340.228) | - | 28.886 | - | **(1.311.342)** |
| **Состојба на 31 декември 2017** | 2.086.572 | 342.680 | (226.951) | 808.957 | 3.011.258 |

Вкупниот број на обични акции на 31 декември 2017 е 179.970 со номинална вредност од МКД 11.594 еднакво на УСД 200 по акција (31 декември 2016: 179.970 со номинална вредност од МКД 19.041 еднакво на УСД 361.17 по акција).

Во текот на 2017, Друштвото го намали Акционерскиот капитал во износ од МКД 1.340.228 илјади (од кои МКД 28.886 илјади се од Сопствени акции) преку намалување на номиналната вредност (од МКД 19.041 по акција, на нова номинална вредност од МКД 11.594 по акција).

Во текот на 2017 година, Друштвото исплати дивиденда во вкупен износ од МКД 760.826 илјади (2016: МКД 786.006 илјади) кои се однесуваат на добивката од 2016 година.

## Извештај за парични текови

| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Добивка за годината по даноци** | 808.956 | 786.826 |
| *Непарични прилагодувања:* | | |
| Амортизација | 287.392 | 267.672 |
| Приход од вложувања | (334) | (327) |
| Финансиски расходи/приходи (нето) | (11.007) | (19.519) |
| Отпис/ обезвреднување на вредноста на основни средства | 13.341 | 10.199 |
| Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања и останати резервации | 352 | 10.253 |
| Добивки од продажба на основни средства | (152) | (8.614) |
| Данок на добивка | 105.195 | 71.054 |
| Одложени даночни средства | - | 30.797 |
| **Паричен тек од редовните активности пред промените во работниот капитал** | 1.203.736 | 1.122.341 |
| Намалување/(Зголемување) на побарувања од купувачи | (923) | (32.289) |
| (Намалување/(Зголемување) на залихи | 9.933 | 31.822 |
| Зголемување/(Намалување) на обврски кон добавувачи | (2.276) | (10.485) |
| Зголемување/(Намалување) на останати тековни обврски | 40.140 | 15.681 |
| Намалување/(Зголемување) на останати тековни средства | 25.223 | (62.212) |
| **Паричен тек од работење** | 1.275.833 | 1.064.858 |
| Примени камати | 7.648 | 20.537 |
| Платени камати | (2) | (25) |
| Намалено за платен данок на добивка | (22.435) | (164.904) |
| **Нето паричен тек од редовни активности** | 1.261.044 | 920.466 |
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Нето пораст на основните средства и инвестиции во тек | (392.174) | (384.155) |
| Приходи од продажба на основни средства | 278 | 8.683 |
| Примени дивиденди | 334 | 327 |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | (391.562) | (375.145) |
| **ПАРИЧЕН ТЕК ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Платени дивиденди на акционерите | (760.826) | (786,006) |
| Заеми кон поврзани субјекти | - | 307,974 |
| Заеми од 3ти страни | - | 1,098 |
| Намалување на уплатен капитал | (1.311.342) | - |
| Нaпалување на уплатени резерви | (342.680) | - |
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | (2.414.848) | (476.934) |
| **Намалување на паричните средства и паричните еквиваленти во текот на годината** | (1.545.366) | 68.387 |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | | |
| На почетокот на годината | 1.854.960 | 1.786.573 |
| **На крајот на годината** | 309,594 | 1.854.960 |